Interreg

Co-funded by the European Union

IPA ADRION

BEALERT

МАЛИ ЧЕКОРИ, ГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ

Практични информации за безбедност и граѓанска заштита



»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION«

Содржина:

КАКО ДА ОДГОВОРИШ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Пожар.....3

Земјотрес.....4

Поплава 5

БРОЕВИ ЗА ИТНИ ПОТРЕБИ 6

УНИВЕРЗАЛЕН ЗНАК ЗА ПОМОШ 7

ПОДГОТОВКА ЗА ИТНИ СЛУЧАИ 8

ГРАЃАНСКА ЗАШТИТА 9

КАКО ДА ПОМОГНЕТЕ 10

ШТО Е ПРОЕКТОТ BEALERT 11

»BEALERT is co-funded by the European Union through the Interreg IPA ADRION programme«


КАКО ДА ОГОВОРИШ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Превентивни мерки

ПОЖАР



НЕ СИ ИГРАЈ СО ОГАН!



План за евакуација

- Никогаш не се враќај во зграда што гори



Знак за насока на евакуација

- Ако има пожар, излези од зградата преку рутата за евакуација.
- Извести некој возрасен за пожарот или јави се на бројот 112.



Знак за зборно место



Евакуација значи брзо и смирено да отидеш на безбедно место.

Следи ја рутата за евакуација прикажана на планот за евакуација.

Ова е најбрз и најбезбеден начин за излез од зградата.

Штом ќе излезеш, оди на зборното место. Таму се собираат сите, стојат мирно и чекаат упатства од возрасните.

„BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

КАКО ДА ОГОВОРИШ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Превентивни мерки

ЗЕМЈОТРЕС



АКО СИ ВНАТРЕ ВО ЗГРАДА

- Брзо засолни се под цврста маса.
- Можеш да застанеш и на прагот од вратата или до внатрешен ѕид.
- Не барај играчки или миленици. Прво погрижи се за својата безбедност.

АКО СИ ЗАГЛАВЕН ПОД РУШЕВИНИ

- Остани смирен и повремено викај за помош.
- Ако имаш нешто со тебе, можеш да чукаш на ѕид или на цевка за да те слушнат спасувачите.

- По земјотресот, може да следат други **потреси**.
- Ако се случи вакво нешто, постапи исто како претходно: засолни се и чекај.



АКО СИ НАДВОР

- Брзо оддалечи се од згради, дрвја и столбови за да не падне нешто врз тебе.

»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION.

КАКО ДА ОГОВОРИШ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Превентивни мерки

ПОПЛАВА



АКО СИ ВНАТРЕ ВО ЗГРАДА

- Оди на повисок кат или друго безбедно место.
- **Повикај помош — 112!**
- Не јади храна што била во контакт со поплавата.
- Пиј само флаширана или превриена вода.

АКО СИ НАДВОР

- Оди на повисоко место.
- Не поминувај низ брза или надојдена вода, зашто може да биде опасно.



„BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

БРОЕВИ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

ВАЖНО: Јави се само во итни случаи!


192 - Полиција (С.Македонија)

ПРИ ПОВИКОТ, КАЖИ:

Кој се јавува?
Што се случило?
Каде се случило?
Кога се случило?
Колку луѓе се повредени?
Какви повреди имаат?
Какви се условите на самото место?
Каква помош е потребна?



Достапни 24 часа на ден, секој ден во годината, бесплано во секоја европска земја. Функционира и без мобиле сигнал, доколку не е достапна друга мрежа.



»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

УНИВЕРЗАЛЕН ЗНАК ЗА ПОМОШ

ШТО ЗНАЧИ?

Универзалниот знак за помош е едноставна гестикулација со рака што му овозможува на секој молчешкум да покаже дека не се чувствува безбедно и дека му треба помош. Главно се користи во ситуации кога има нелагодност, насилство или други непријатни ситуации.

Сигнал за помош







1. **Отвори ја дланката** **2. Свиткај го палецот** **3. Стегни ги прстите во тупаница**

Што да правиш ако некој покаже знак за помош?

Остани смирен и невербално потврди дека си го разбрал сигналот. Повикај полиција на бројот 113. Ако не го познаваш лицето, пробај да дознаеш каде е со поставување на неутрални прашања. Продолжи го разговорот на неутрални теми и остани со лицето што е можно подолго, идеално додека да дојде полицијата.

»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

ПОДГОТОВКА ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

Ранец за итни случаи

Ранецот за итни случаи овозможува брзо да реагирате за време на евакуација.

Препорачани содржини:

- Шише со вода (0.5 L)
- Грицки
- Батериска лампа + резервни батерии
- Основен прибор за прва помош (фластер, средство за дезинфекција, мал завој)
- Омилената играчка или плишано мече
- Лични документи и податоци за контакт од родителите
- Пенкало и мала тетратка



„BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

ГРАЃАНСКА ЗАШТИТА

Што е граѓанска заштита?
Граѓанска заштита е група на организации и луѓе кои работат заедно за заштита, спасување и помош на луѓето при итни случаи.

НИВНИТЕ ГЛАВНИ ЗАДАЧИ СЕ:

ЗАШТИТА

Заштита на луѓето, имотот, заедниците, животните и животната средина.

ПРЕВЕНЦИЈА

Предвидување и намалување на ризиците пред да се случат незгоди или непогоди.

ОДГОВОР

Справување и одговор во итни случаи.

Кои се овие луѓе?
Во граѓанска заштита спаѓаат волонтери, полицајци, пожарникари, здравствени работници, спасувачи и активни граѓани.



»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

КАКО МОЖЕШ ДА ПОМОГНЕШ?

Секој поединец може да помогне за побезбедна заедница.

Запознај ја околината и специфичните ризици за твојата околина.

Пријави опасност како нестабилни дрвја, блокирана канализација и друга опасност.

Учествувај во вежбите и состаноците за граѓанска заштита.

Сподели информации и ресурси со пријателите, семејството и соседите.

СТАНИ ВОЛОНТЕР!



„BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

ШТО Е ПРОЕКТОТ BEALERT ?

BEALERT – Систем за рано предупредување поврзан со модул на Вештачка интелигенција за подобрување на локалната одговорност за управување со ризик и намалување на ризикот од климатски промени во локалната заедница.

Проектот **BEALERT** има за цел да ја подобри подготвеноста и отпорноста од непогоди во Италија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Албанија, Србија и Северна Македонија преку справување со ризиците од климатските промени, како што се поплави, земјотреси и шумски пожари.

BEALERT се фокусира на зајакнување на локалната власт, управувачите со ризик и заедниците со иновативни алатки за пристап до податоци во реално време, комуникација за итни случаи, и поддршка при донесување одлуки базирани на вештачка интелигенција, подобрувајќи ги локалните системи за рано предупредување.

Буџет на проектот во ЕВРА: 1.619.926,30
Средства од Interreg: 1.376.937,33
Времетраење на проектот: 30 месеци

»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION

Interreg Co-funded by the European Union

IPA ADRION

BEALERT

Главните резултати се :

- BEALERT Апликација: Мобилна апликација која овозможува двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и оние кои одговараат на итни случаи.
- BEALERT Платорма: Платфома ставена на веб страна која има интерактивни мапи, предупредувања во реално време, и алатки за локално управување со ризици водено од Вештачка Интелегенција.
- BEALERT Пилотирање и Валидација: Тестирање и валидација на платформата и апликацијата со локалното население и релевантните чинители.
- BEALERT Транснационална Мрежа: Мрежа од чинители кој аобезбедува долгорочно влијание, соработка и одржливост.

MORE ABOUT PROJECT

"This has been produced with the financial assistance of the European Union. The content of the document is the sole responsibility of The Municipality of Ajdovščina and can under no circumstances be regarded as reflecting the position of the European Union and/or IPA ADRION programme authorities."

»BEALERT е кофинансиран од Европската унија преку програмата Interreg IPA ADRION